ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"

02-244/7
12.03 /21

Врз основа на чл.22 став 1 точка 8 од Статутот на ЈП„Стрежево" – Битола , Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 12.03.2021 година донесе

# Правилник за користење на службени мобилни телефони за вработените во ЈП „Стрежево" Битола

Чл.1

Со овој Правилник се уредува начинот и условите на користење на службен мобилен телефон, тарифните модели кои се користат, ограничувањата на сметката, како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето.

Чл.2

Право на користење на службен мобилен телефон со ограничување на висината на сметката до определен износ имаат вработените согласно долу наведеното и тоа :

- **Тарифен модел бр.1** - наменет за Менаџментот

- Директор дозволен трошок 3000 денари (без ддв)
- Заменик директор дозволен трошок 1000 денари (без ддв)
- Технички директор дозволен трошок 1000 денари (без ддв)
- Советник -координатор дозволен трошок 1000 денари (без ддв)

- **Тарифен модел бр.2** – наменет за сите вработени

- Советници
- Самостојни инженери
- Раководители на сектори
- Раководители на одделенија
- Останати вработени корисници на службени телефони

Чл.3

Правото на користење на службените мобилни телефони за лицата корисници на Тарифен модел 2, се со ограничување во висината на месечната претплата.

Чл.4

За вработените корисници на тарифниот модел 2, дозволениот трошок се утврдува во рамките на договорената месечна претплата, која се добива годишно, по спроведената јавна набавка.

Чл.5

По исклучок, а врз основа на претходно донесена Одлука од страна на Управниот одбор, се одобрува надминување на ограничувањата на висината на сметките наведени во член 2 и член 4 на овој Правилник.

Чл.6

На корисниците на службените мобилни телефони кој ќе ги пречекорат предвидените ограничувања утврдени во овој Правилник, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката.

Чл.7

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување и истиот да биде истакнат на Огласна табла во претпријатието.

Подготвил
Сузана Невеновска
Одобрил
Ѓеорги Ѓорѓиевски

Претседател на Управен одбор
Раде Христовски